(имател на информацијата)

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Совет на Родители на ОУ Св. Климнет Охридски - Битола
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Љубица Мушуланова Ристевска – Претседател на совет на родители
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Што претставува род, а што претставува родов идентитет?
Овие концепти се дел од Законот за основно образование и наставните програми изготвени согласно новата Концепција за основно образование, но истите не се дефинирани како би можела јавноста/родителите да ги разберат?

2. Дали промоцијата на родовата сензитивност/рамноправност во основното образование, согласно новата Концепција на основно образование, подразбира и учење на децата дека родот/родовиот идентитет е независен од биолошкиот пол, и следствено дека децата имаат право да си го одберат родот без разлика на полот што им бил доделен при раѓање? Ве молиме одговорете со да или не, и доколку сметате за потребно потоа образложете го одговорот.

3. Дали промоцијата на родовата сензитивност/рамноправност во основното образование, согласно новата Концепција на основно образование, подразбира дека учебниците/наставните материјали ќе вклучуваат прикажување на семејства од истополови родители како позитивни/нормални примери во општеството? Ве молиме одговорете со да или не, и доколку сметате за потребно потоа образложете го одговорот.

4. Во случај на негативен одговор на едното или двете прашања од точка 2 и 3, дали Министерството за образование е спремно да ја дополни Концепцијата за основно образование со цел писмено појаснување на истото и спречување на различно толкување, односно да забрани промоција на овие идеологии во основното образование кое е задолжително за сите деца, без исклучок?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис

- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола,09.07.2021 година .** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)